**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

**Арх.бр.12-443/8**
**од 21.11.2024 година**
**Росоман**

**До**
**Градоначалник на Општина Росоман**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2024 година со Одлука број: 08-244/1 од 29.04.2022 година, објавена во Службен Гласник на Општина Росоман бр.04-2022 донесена од страна на Советот на Општина Росоман, Градоначалникот на Општина Росоман го дава следното

# СООПШТЕНИЕ
## За спроведување на јавен увид по

## Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП бр.573/1 и КП 570/2 КО Рибарци, Општина Росоман

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Росоман дека се организира **Јавен увид** за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП бр.573/1 и КП 570/2 КО Рибарци, Општина Росоман** со технички број **100/2022** од **Септември 2024 година** изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН - ПУМА" ДООЕЛ, Скопје.

## Член 2

Планскиот опфат е дефиниран соследните катастарски парцели **КП бр.573/1 и КП 570/2 КО Рибарци, Општина Росоман**. Проектниот опфат во рамките на своитеграници зафаќа површина од 0,8713ха.

Проектниот опфат за предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП бр.573/1 и КП бр.570/2 КО Рибарци, Општина Росоман е дефиниран според границите на катастарските парцели кои ги опфаќа – КП 573/1 и КП 570/2, КО Рибарци, Општина Росоман.

Опфатот на Урбанистички проект е дефиниран во следните граници:

-на запад границата се движи по западната граница на КП 573/1 и КП 570/2

-на север границата се движи по северната граница на КП 570/2

-на исток границата се движи по источната граница на КП 570/2 и КП 573/1, односно регионалниот пат Росоман – Кавадарци Р1107

-на југ границата се движи по јужната граница на КП 573/1.

Пристапот на парцелата е овозможен од источната страна преку постоен регионален пат Росоман – Кавадарци Р 1107.

## ЈАВЕН УВИД

На **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А3.3 Згради за времен престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП бр.573/1 и КП 570/2 КО Рибарци, Општина Росоман**, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН - ПУМА“ ДООЕЛ, Скопје со тех.бр. **100/2022 од Септември 2024 година** ќе **трае 15 (петнаесет)** дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Росоман www.opstinarosoman.gov.mk во период од **25.11.2024 до 09.12.2024 година** за кое време може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од 08.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Росоман.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов**

**Изработил:**
**м-р.инж.арх. Ана Несторова**

Ana Nestorova

Digitally signed by Ana Nestorova
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4011004124371 + O=OPShTINA ROSOMAN Rosoman, OU= OPShTINA ROSOMAN Rosoman:4011004124371, G=Ana + SN=Nestorova + SERIALNUMBER= CRT3612911 + CN=Ana Nestorova
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2024.11.21 09:42:11+01'00'
Foxit PDF Editor Version: 12.0.2